# Најдобар избор на квалитетна обука

## **LIFE Learning програма & ECTS** кредит систем

Обуките  во **LIFE Learning** програмата на **КОСМО Иновативен Центар** се спроведуваат согласно заклучоците во Мастришкото Коминике од 14 Декември 2004 година за приоритетите на неформалното образование во ЕУ и препораките на Европската Комисија за употреба на единствен кредит систем **ECTS (European Credit Transfer and Accumulation System)** за регистрирање на активностите на студентите потребни за реализација на наставните програми и добиените знаењата и компетенциите  со соодветните курсеви во обазованието дефинирано со **EUROPASS**.

### Што представува кредит системот ?

Кредит системот е систематски начин за опис на едукативните програми со додавање на кредити на нејзините компоненти. Дефинирањето на кредитите може да се базира на различни параметри, како ангажираност на студентот, покажани знаења и број на часови за обука.

### Кои се предностите на ECTS ?

- ECTS е базиран на принципот дека 50-60 кредити ја покажуваат работата (ангажманот)  на редовен студент во текот на една академска година. Ангажманот на студентите во Европа во текот на една академска година во повеќето случаи се движи помеѓу 1500-1800 часа/годишно и во тој случај еден кредит одговара на 25 до 30 работни часа.
- Кредити во ECTS системот може да се добијат единствено со успешна реализација на зададените обврски и соодветно тестирање на совладаниот материјал. Добиените знаења и компетенции после завршувањето на процесот на учење, студентот ќе ги разбира или ќе може да ги употребува.
- Ангажманот на студентите во рамките на ECTS го опфаќа времето потребно за комплетирање на сите планирани едукативни активности како: присуство на предавања, семинари, независно и приватно школување, подготовка на проекти, практична работа, тестирања и слично.

**КОСМО**
**ИНОВАТИВЕН ЦЕНТАР**

бул. Јане Сандански 113, 1000 Скопје, Македонија
тел. +389 2 244 8077,8134 фах. +389 2 244 8240
e-mail: contact@cosmoinnovate.com.mk
www.cosmoinnovate.com.mk

Авторски права © 2003 КОСМО Иновативен Центар. Сите права се задржани.
Репродукција на приложениот материјал во целост или на делови во било која форма или во медиуми без писмено одобрение на КОСМО Иновативен Центар е забрането.